**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1812/2**
**07.08.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 50 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 07.08.2025 г. (понеделник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа 13 членови на Советот.
Оправдано отсутни беа: Бојана Гоцевска и Дејан Георгиевски
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот Гоце Попов. Претседателот Попов на почетокот на Седницата изрази сочувство за прерано згаснатите животи во сообраќајната несреќа кај Градско на брачниот пар Кире и Сузана Стоиловски од Делчево. Тој истакна дека со голема тага и неверување ја примил веста за трагичната несреќа на Кире кој беше вработен во Општина Делчево, а Сузана беше поранешна советничка во Советот на О. Делчево, па предложи денешната Седница да се започне со едноминутно молчење со цел да се оддаде почит кон нашите сограѓани.
По едномунутното молчење продолжи Седницата за која претседателот Попов го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 49. Седница**

1. **Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година со Предлог-одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година.**

2. **Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;

3. **Предлог-одлука за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2025 година.**
   Образлагач на точките 1, 2 и 3 е Ана Ситновска -Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

4. **Прашања и предлози на членови на Советот**

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред. Претседателот предложи, Дневниот ред за Седницата да се прошири со нови две точки: **Предлог-одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево и со точката Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1819/1 од 01.08.2025.**

Предлогот беше ставен на гласање. **ЗА гласаа сите 13 присутни советници.** Вака изменетиот Дневен ред, беше ставен на гласање. Дневниот ред беше усвоен **едногласно.**

Потоа се отвори расправа по Записникот од 49. Седница. Бидејќи никој не се јави за збор, Записникот беше даден на усвојување. **Записникот беше усвоен ЕДНОГЛАСНО**.

1. **Точка број еден- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година со Предлог-одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година.**

Образлагач по точката беше Ана Ситновска-Димитровска раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци. Таа истакна дека со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година се извршени измени и дополнувања на Буџетот на Општината, односно извршено е зголемување на вкупниот буџет за износ од 23.679.823 денари, односно зголемување од 5 %, и вкупниот ребалансиран буџет ќе изнесува 472.328.541 денари.

Вкупните приходи во основниот буџет се зголемени за износ од 26.857.444 денари. Зголемувањето произлегува од пренесено салдо на буџетска сметка од 31.12.2024 година во износ од 475.025 денари, за разликата во дотацијата од ДДВ во делот за воедначување во износ од 8.080.707 денари, понатаму зголемување за 3.130.301 денар на конто 741112 трансфери од други нивоа на власт преку склучени договори со:

- Бирото за регионален развој за реализација на проектот „Спречување на загадувањето на воздухот со помош на едукативни и технички решенија" во износ од 648.000 денари;

- Согласно со Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во Потпрограма 11- поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата на Ромите се доделуваат средства на Општина Делчево за реализација на проектите „Реконструкција на дел од улица Солунска" во износ од 1.568.941 денари и за „Реконструкција на дел од дистрибутивна мрежа во Град Делчево зона Старо Делчево" во износ од 913.990 денари.

Понатаму, врз основа на член 43 став (4) од Законот за извршување на буџетот на Република Северна МакедонијаОдлуката бр.135 за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот и заштитата на животната средина за 2025 година (648.000 денари), Договор со Министерство за култура по Одлука за распределба на капитални дотации за проект Реконструкција на фасада и замена на надворешна столарија на Спомен- дом АСНОМ (2.450.000 ден.); Договор со Министерство за животна средина и просторно планирање за реализација на проект Водоснабдување на населба „Пролет" во износ од 6.000.000 денари; понатаму доделени средства од 990.606 денари од страна на Министерство за транспорт од Потпрограмата 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и стратегијата на Ромите за проект Реконструкција на улица „Илинденска" до спој со улица „Солунска" и дополнителни 800.000 денари се ставени на конто 741211- капитални трансфери, по барање на Министерството за финансии заради потребата од измена на Годишниот план за јавни набавки и распишувањето на тендерите за новите проекти доделени со Одлука на Владата, а се однесуваат на:

- Регулација на дел од река Габровчица;
- Реконструкција на улици во населба Ново Делчево;
- Реконструкција на улица „Гоце Делчев";и
- Реконструкција на ул. „Вељко Влаховиќ".

Во буџетот на самофинансирачки активности имаме зголемување за 1.000.000 денари и ребалансираниот износ изнесува 14.612.000 денари. Во буџетот на дотации зголемувањето е за 11.493.869 денари и сега буџетот изнесува 242.740.339 денари. Во материјалите што ви беа доствени износот на буџетот на дотации беше 241.253.339 денари, меѓутоа во меѓувреме стигна известување од Министерството за образование и наука, каде со Заклучок на Влада бр.41-10500/2 од 24.10.2024 се врши нова распределба на блок- дотациите за основното и

средното образование. Со новата распределба имаме зголемување на дотациите за 500.000 денари кај средното образование,а за 987.000 ден кај основните училишта во Општина Делчево, или зголемување на буџетот на дотации за дополнителни 1.487.000 денари. Ова зголемување на дотацијата е поврзано со зголемувањето на платата на вработените во образование.

Промена во однос на првично доставените материјали има и во буџетот на дотации. Сега истиот изнесува 8.680.404 денари, а зголемувањето се должи на одобрени две донациски сметки, едната за ООУ „Ванчо Прке“ во износ од 112.500 денари, другата е за гимназијата за одобрен проект во рамките на програмата Ерасмус + во износ од 2.891.976 денари, или вкупно зголемување на буџетот за донации за дополнителни 3.004.476 ден.

Што се однесува до билансот на расходите, тој изнесува 406.071.523 денари, и износите се менуваат како што следува во Предлог -Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2024 година. При анализата на основниот буџет ќе видиме дека и билансот на расходи се зголемува исто така за 22.199.083 денари, како и билансот и приходи, додека расходите во вкупниот буџет се зголемуваат за 34.525.565 денари. Од анализата на расходниот дел на основнот буџет може да се види дека во делот на група 40 плати и надоместоци имаме намалување на расходите за 1.333.400 денари, Позначително зголемување од 5.546.664 денари има кај група 42 стоки и услуги. Во група 45-каматни плаќања имаме зголемување за 300.000 денари, недостасуваат за доплата на каматата по основ на кредитот за реконструкција на улици. Група 46 и 47 износите остануваат скоро исти како во планираниот буџет. Кај капиталните расходи имаме најголемо зголемување за 17.658.926 денари, најмногу на конто 482-други градежни објекти, за екпропријација се предвидени плус 2.000.000 денари и кај конто 486-купување на возила зголемен е износот на 2.700.000 денари.

Во посебниот дел од буџетот се дадени сите измени и дополнувања по ставки, програми и потпрограми.

По образложението беше отворена расправа.

За збор се јави советникот Кире Тренчевски кој рече дека 8 години бил советник и ваков Ребаланс досега нема доставено и во самиот Ребаланс се гледа дека се кратат надоместоците на советниците, „го предлагаат ребалансот, бараат поддршка на советниците, а се крати од нивниот износ. Но, советничката група на СДСМ и Коалицијата и покрај ваквата неправда која се прави кон советниците, а со цел да не се закочи работата на општинските институции и вработените во О. Делчево, ние ваквиот ребаланс на Буџетот ќе го поддржиме“, заклучи Тренчевски.

За збор се јави и Иван Гоцевски кој го праша образлагачот дали и во кој дел од Буџетот се предвидени исплатата на средства за помошта која О. Делчево ја одвои за настраданите од пожарот во Кочани, во кој дел е предвидена исплата на јубилејни награди на вработените во О. Делчево и во кој дел е предвидена исплата за Голачките фолклорни средби и за спортските клубови.

Образлагачот Ана одговори на прашањата и повтори дека сега се распишуваат изборите и дека нема да се вршат исплати.

Иван повторно се јави за збор и ја посочи ставката 741-трансфери од други нивоа на власт каде се забележува дека има зголемување од 40 милиони денари што е историски максимум ребалансиран некогаш во историјата на Делчево за капитални инвестиции од оваа Влада на ВМРО ДПМНЕ, нешто што се потврдува и во ставка 48 за капитални расходи, каде предвидените 75 мил денари се зголемуваат на рекордни 12 мил ден. Создравје да ги користат и да ги почувствуваат бенефитите од овие капитални вложувања на ВМРО ДПМНЕ.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. **Со 12 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ беше усвоена точката Предлог-одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**.

2. **Точка број два- Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;

Образлагач по точката беше Ана Ситновска- Димитровска која рече дека со оваа Оваа предлог -одлука По членот 13 се додава нов член 13-а, кој гласи: Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи. Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700,00 денари, и тоа за секои поминати 08-12 часа половина дневница (350 денари), и од 12,01 мин.- 24 часа цела дневница (700 денари).За службените дневници во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите на централната власт.

По образложението, точката беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор точката беше ставена на гласање. За гласаа 12 советници и 1 ПРОТИВ со што беше усвоена точката **Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**;

3. **Точка број три- Предлог-одлука за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2025 година.**

И по оваа точка образложение даде раководителката на Одделението, Ана Ситновска-Димитровска кој истакна дека со оваа Одлука се врши дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2025 година со нови 10 развојни потпрограми. Планот од член 1 на оваа Одлука се дополнува со следниве програми и развојни потпрограми:

1. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДД – Улици во СРЦ Делчево (улица 5, улица 6 и улица 8);**
2. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДЕ – Улици во населба „Пролет“ (улица 4в, дел од ул.4б, дел од ул.3, дел од ул.5 и дел од ул.1);**
3. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДФ – Реконструкција на улица „Индустриска“;**
4. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДГ – Реконструкција на дел од улица с. Ѕвегор;**
5. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДХ- Изградба на краци од улица „Драмечка“, изградба на улици во населба „Басарица“;**
6. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДИ- Реконструкција и изградба на улици во централно градско подрачје УЕ2-дел од блок 2.2;**
7. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДЈ – Изградба на дел од ул. „Видое Смилевски- Бато“ (со потпорен ѕид);**
8. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДК- Реконструкција на дел од улица „Кочо Рацин“;**
9. **Програма РА, Потпрограма РАБ – Регулација на корито на река „Брегалница“ во централно градско подрачје на град Делчево возводно 320 м.;**
10. **Програма РА, Потпрограма РАЦ- Фекална и атмосферска канализација во централно градско подрачје У.Г.2.2 блок 2.2.**

Составен дел на оваа Одлука е планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2025 година. Планот на програмите за развој е составен дел на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година.

По образложението беше отворена расправа, бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. ЗА гласаа 12 советници и 1 ПРОТИВ со што беше усвоена точката **Предлог-одлука за дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2025 година.**

4. **Точка број четири- Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

Образлагач е Горица Симевска, претставник од ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево таа истакна дека во претходната Одлука донесена на претходната Седница е направена техничка грешка во ПУ во с. Разловци, каде наместо 5 одделение треба да стои 3 одделение во членот 1, и во членот 3 во табеларниот приказ наместо 5 одделение со 4 ученици да стои 3 одделение со 3 ученици.

По образложението беше отворена расправа, бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. ЗА гласаа 13 советници со што беше усвоена точката **Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

5. **Точка број пет- Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1819/1 од 01.08.2025**

Образлагач е Гоце Попов, претседател на Советот на О. Делчево кој рече дека до Советот е доставено Барање за финансиска поддршка од музичката група при Здружението на пензионерите во Делчево со цел да може да се набават материјали кои се потребни за настапите на групата. Претседателот предложи да се доделат 15.000 ден.

По образложението беше отворена расправа, бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. ЗА гласаа 13 советници со што беше усвоена точката **Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1819/1 од 01.08.2025**

6. **Точка број шест- Прашања и предлози на членови на Советот**

За збор се јави Иван Гоцевски кој постави советнички прашања и предлози до:

1. До **Секторот за урбанизам во О. Делчево**

1. Дали во целост е изградена предвидената водоводна, канализациона, телекомуникациска, електроенергетска и улична инфраструктура во ТИРЗ Делчево?
2. Доколку одговорот е НЕ, дали има можност и кога може да започне повторно со градежни активности за изградба на основна инфраструктура во ТИРЗ Делчево?
3. Што е приоритетно потребно да се изгради од страна на Општината и што од страна на ТИРЗ за нормално и непречено функционирање на ТИРЗ Делчево?
Дали има предвидено колекторски испуст на канализационата мрежа на излез од ТИРЗ Делчево?
4. Дали постои можност за воспоставување и изградба на нова општинска развојна змона во иднина во близина на ТИРЗ Делчево?

**Предлози до Секторот за урбанизам**

1. Му предлагам на Секторот за урбанизам да изготви проект за изработка на спуштени тротоари воцентралното градско подрачје во Делчево, со што ќе се овозможи непречено движење на децата со тротинети и ролери, аќе се обезбеди

непречено движење со велосипеди и движење на мајките со детски колички и лицата со инвалидски колички.
2. Да изнајдат локации за поставување хидранти кои ќе бидат за потребите на ТППЕ Делчево со цел зголемување на езбедноста на граѓаните на Делчево и поголема можност за снабдување со вода на повеќе локации во Делчево и во селата.

**До Градоначалник на О. Делчево**

1. Дали Дирекцијата за ТИРЗ има доставено промотивни материјали за промоција на ТИРЗ Делчево пред странските потенцијални инвеститори?
2. Дали е во ред градоначалникот и Општина Делчево да воспостави своја програма за промоција за можностите за инвестиции во ТИРЗ Делчево?

**Предлози до Градоначалник**

1. Да се изготви елаборат со кои ќе се земат предвид сите возила кои се на ТППЕ и да се види кое возило на кои улици може да се движи во градот и во сите села.

**До Сектор финансии**

1. Вкупно планиран Основен буџет на Општина Делчево за 2022,2023,2024,2025 г – посебно.
2. Вкупно реализирано капитални расходи за истите години
3. Вкупно реализирани расходи на плати и надоместоци за истите години

**До претседателот на Советот и до Општина Делчево**

1. Дали со донесувањето заклучоци на последната Седница на Советот на Општината за и околу проблемите со водоснабдувањето во село Ѕвегор има доставено до Советот информација за некакви поместувања од нула-точка?
2. Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата бара од претседателот на Советот да побара одговор од сите надлежни институции за покренати дејствија од нивна страна по донесените заклучоци.

Други прашања и предлози не беа поставени на Седницата.

Со исцрпување на Дневниот ред, беше затворена 50 Седница на Советот на О. Делчево.

Седницата заврши во 10.00ч.

**Записничар**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**